*Коста АЏИЕВСКИ*

# ДЕСПОТ АЛЕКСИЈ СЛАВ — САМОСТОЕН ФЕУДАЛЕН ВЛАДЕТЕЛ ВО МАКЕДОНИЈА

Второто бугарско царство за време на царот Калојан доживеа брз подем и претставуваше еден од најважните чинители во бурните и судбоносни настани што го потресуваа Балканскиот Полуостров во почетокот на 13 век. Меѓутоа, по неговата смрт (1207 год.) настапи краткотраен период на привремено слабеење на бугарската држава. Слабеењето на државата и на нејзината централна власт беше директна последица на династичките борби околу испразнетиот престол, кои ја зафатија Бугарија веднаш по смртта на Калојана. Ваквата ситуација ја искористија некои претставници на крупната феудална аристократија за да ги остварат своите сепаратистички интереси и да се отцепат од централната власт. Еден од нив, по име Алексиј Слав, отцепувајќи се од централната власт, формирал независно феудално владеење во Македонија со центар во Мелник, во долината на реката Струма. Во нашето натамошно изложување поопстојно ќе се задржиме на дејноста на овој крупен македонски феудалец, кој што сè уште не го нашол своето вистинско место во нашата историографија.[1])

Алексиј Слав (гр. Ἀλέξιος ὁ Σθλάβος лат. Escalas, Esclaves, Sclavus), како што самиот известува во една своја повелба, најпрвин ја владеел трдината Цепена (гр. Τζέπαινα) во Родопската област, а оттаму подоцна го пренесол своето седиште во Мелник[2]). Слав изгледа уште во времето на Калојана играл видна улога во бугарската држава. Како припадник на владетелската династија и роднина на бугарскаот цар[3]),

[1]) Дејноста на Алексиј Слав опфатена е сумарно и доста неточно единствено во популарната книшка на Вера Весковиќ-Вангели, Самостојните феудални владетели во Македонија, Скопје, 1963.

) J. B. Papadopoulos — Pere Arcadios Vatopédionos, Un acte officiel du despote Alexis Sthlavos au sujet du couvent de Spéléotisa près de Mélénikon (натаму: Un acte officiel). Списание на Българската Академия на Науките, 45 (1931), 4: . . . καὶ ἡμεῖς μετὰ τὴν μετοιλεσίαν τὴν ἀπὸ Τζεπένης πρὸς τὴν ἐνταῦθα πολιτείαν ἡμῶν τοῦ Μελενίκου ποιήσαντες.

[3]) Местото на Алексиј Слав во бугарската владетелска династија го одредуваат современите историчари. Според Георгиј Акрополит Слав бил роднина на бугарскиот владетел Асен I (πρσγενής τῶν τοῦ βασιλέως Ἀσάν). Cf. Georgii Akropolitae opera I (натаму: Akropolites) ed. A. Heisenberg, Lipsiae 1903. 39,$_1$. Според еден друг современик, историчарот на латинскиот цар Хенрих, Анри од Валансиен, Слав бил братучед на бугарскиот цар Борил (cusin germain). Cf. Henri de Valenciennes, Historia de l'empereur Henri de Constantinople (натаму: Valenceinnes), ed. J. Longnon, Paris 1948, 30, par. 503.

по сè изгледа, тој уште тогаш бил поставен од Калојана за управник на Цепена и околните земји[4]). Времето на ова назначување не може попрецизно да се одреди, меѓутоа неговата цел секако била да се за јакнат границите на бугарската држава спроти новоформираното Латинско царство во Цариград.

По смртта на Калојана Слав зел активно учество во династичките борби околу испразнетиот престол. Како противник на узурпаторот Борил тој и самиот настојувал да ја пригради власта и да се искачи на бугарскиот престол. На тоа укажуваат податоците што ги дава латинскиот историчар Анри од Валансиен. Говорејќи за војната помеѓу Слав и Борил тој вели дека Слав војувал против Борила, затоа што Борил му ја зел земјата со предавство.[5]) Во борбата за власт Слав не успеал да ги оствари своите амбициозни планови· Узурпаторот Борил успеал со помош на Куманите да ги порази своите противници и да се искачи на бугарскиот престол. Тогаш Слав одбил да ја признае неговата врховна власт и се прогласил за наполно самостоен владетел на териториите што ги управувал.[6]) Борил не можел да се помири со ова отцепување. Сакајќи да ги присоедини кон бугарската држава терииториите што ги владеел Алексиј Слав, тој продолжил да војува со својот родина. Меѓутоа, во таа нерамноправна броба и покрај големата надмоќност бугарскиот цар не успеал да ја оствари својата цел и трпел неуспеси. Како што известува современикот на овие настани, споменатиот историчар Валансиен, Слав со успех војувал против бугарскиот цар и уништил многу Борилови луѓе, пријатели и тврдини.[7]) Тогаш Слав најверојатно ја завладеал и силната тврдина Мелник во Македонија, каде што подоцна ќе го пренесе и своето седиште. Во меѓувреме избувнал нов судир помеѓу Бугарија и Латинското царство, кој што ќе има далекосежни последици врз натамошната историја на овој крупен феудалец.

Новиот бугарски цар Борил (1208—1218), продолжувајќи ја експанзионистичката политика на својот претходник, набрзо по стапувањето на престолот започнал војна против Латинското царство. Кон крајот на мај 1208 година бугарско-куманската војска навлегла во Тракија. Латините брзо ги мобилизирале своите редови и не само што успеале да го запрат напредувањето на непријателот, туку поминале и во противнапад. Гонејќи го непријателот, латинскиот цар Хенрих (1206—1216) стигнал со војската во Адријанопол (Одрин). Тука се уло-

---

[4]) В. Н. Златарски, История на българската държава през средните векове, III, (натаму: Златарски III), София 1972, 272 сл. ; П. Мутафчиев, Владетелите на Просек (натаму: Владетелите), Избрани произведения, I, София 1973, 231, бел. 77. И. Дујчев погрешно смета дека Калојан го испратил Слава за управник на Мелник, не споменувајќи притоа никаде дека Слав бил најпрво господар на тврдината Цепена. Сп. I. Dujčev, Melnik au Moyen Age (натаму: Melnik), Byzantion, 38 (1968), 30.

[5]) Valenciennes, pp. 29—30, par. 505.

[6]) Златарски III, 273; Dujčev, Melnik, 31.

[7]) Valenciennes, 48, par. 545: . . . Esclas, uns haus hom qui Buriles guerrioit, et si estoit ses cousins germains, — car chil Buriles disoit que la tierre pue Esclas tenoit estre soie, et Esclas disoit èue non devoit, et por chou s'entreguerrioient il, si que Esclas couroit souvent sour lui, et l'afoiblioit molt de gent et d'amis et de castiaus.

горил и со своите највидни луѓе одржал советување за натамошните акции против Бугарите. На советувањето, меѓу другото, било решено за поуспешно и посигурно војување против бугарскиот цар Борил да се побара подршката и помошта на Алексиј Слав.[8])

Латините секако биле добро известени за ситуацијата во Бугарија и за непријателствата помеѓу бугарскиот цар и Алексиј Слав. Затоа, сосема природно, сакале последниот да го придобијат на своја страна во борбата против заедничкиот непријател. Меѓутоа, по сè изгледа, Латините не пристапиле веднаш кон реализација на споменатото решение, зашто во изворите нема никакви податоци за тоа дека тогаш бил склучен некаков сојуз со Алексиј Слав против бугарскиот цар Борил, како што нема податоци ниту за евентуалното учество на Слав во оваа војна помеѓу Бугарија и Латинското царство.

Согласно со решенијата донесени на состанокот во Адријанопол латинската војска продолжила кон север и, гонејќи го непријателот, стигнала до Филипопол (Пловдив). Тука на 1 август 1208 година се одиграла жестока битка во која бугарско-куманската војска претрпела катастрофален пораз.[9]) Од Филипопол Латините се упатиле на запад и ја освоиле трдината Кричим, оддалечена триесетина километри од Филипопол, која се наоѓала на половина пат помеѓу Филипопол и Цепена и граничела со земјите што ги управувал Алексиј Слав.[10]) Набрзо по освојувањето на овој град дошло до прв директен контакт на Латините со Алексиј Слав. Како што известува Валансиен, Слав пристигнал во логорот на латинската војска во Кричим за да склучи мир, затоа што сакал на своја страна да ја има снагата и подршката на латинскиот цар Хенрих.[11])

И покрај тоа што постигнал видни успеси во војната против Борила, Слав бил свесен дека неговите сили не се доволни за да истрае до крај во нерамноправната борба против бугарскиот цар. Затоа, неминовно се наложувала потребата да си најде сојузник. Во тоа многу му помогнал новиот судир помеѓу Бугарија и Латинското Царство. Во почетокот можеби се колебал, чекајќи мудро како ќе заврши судирот, меѓутоа, по битката кај Филипопол, Слав конечно решил да им се придружи на Латините и да ја признае власта на латинскиот цар. Со походот на запад кон териториите што ги управувал Алексиј Слав ла-

---

[8]) Ibid., pp. 29—30, par. 505; . . . Tant erra qu'il vint en uns prés par dela Andrenople et dont primes fu toute sa gens parvenue, si se logierent. Lors prisent consel que il iroient vers Blaquie por requerre la force et le aide d'un haut home qui avoit non Esclas . . . Et s'il pooient avoir de celui l'aide, il envarïoient Burile seurement.

[9]) Ibid., pp. 44—47, par. 539—544; Златарски III, pp. 274—277; К. Жуглев, Принос към историята на средновековна България врз основа на хрониката на Хенрих дъо Валансиен (натаму: Принос), Годишник на Софийския Университет — Историко-Филологически факултет, XLVI/2 (1949—1950), pp. 62—72; J. Longnon, L'Empire latin de Constantinople et la Principauté de Morée (натаму: Empire), Paris 1949, 103 sq.

[10]) Longnon во: Valensiennes, 48, бел. 1; Златарски III, 277.

[11]) Valensiennes, 48, par. 545: . . . Nostre gent vinrent à Crucemont, et asseurerent le ville et le castel. . . Esclas, por chou que il voloi avoir la force et l'aide de l'empereour Henri, il envoia a lui pour pais faire.

тинскиот цар, најверојатно, сакал само да го забрза ваквото негово решение[12]) во што наполно успеал, зашто Слав набрзо се појавил во неговиот логор.

Влегувајќи во шаторот, каде што покрај царот се наоѓале и неговите највисоки барони, Слав клекнал пред нозете на царот, му ги бакнал нозете и раката, а потоа се заколнал дека ќе му биде верен и лојален и дека ќе го има за свој единствен господар. На тој начин Алексиј Слав станал вазал на латинскиот цар Хенрих.[13]) Новосклопениот сојуз, по стариот средновековен обичај, бил зајакнат со женидбени врски. Иницијатива за тоа дале Латините, кои сакале на тој начин уште поцврсто да го врзат за себе овој крупен феудалец. Како што известува Валансиен, откога Слав му положил вазална заклетва на латинскиот цар на сцената стапил искусниот и вешт дипломат, маршалот на Латинското царство Жофруа Вилардуен, кој му сугерирал на Слав да ја побара од царот раката на неговата ќерка. Слав ја прифатил сугестијата на Вилардуена и, клекнувајќи повторно пред латинскиот цар, замолил да му ја даде неговата ќерка за жена, нагласувајќи притоа дека е доста богат со земја, злато и сребро и дека во неговата земја го сметаат за благородник.[14]) Латинскиот цар во почетокот се колебал, меѓутоа на крајот сепак ги прифатил советите на присутните барони и се согласил на својот нов вазал и сојузник да му ја даде својата ќерка за жена. Притоа, секако како мираз, му ги отстапил на Слав сите освојувања што тука ги направил, а ветил исто така дека својот иден зет ќе го направи господар на Голема Влахија (Blakie la Grant[15]). Под овој термин Валансиен секако ја подразбира Бугарија[16]), а не Северна Тесалија, како што погрешно смета В. Златарски[17]), со што се поткрепува претпоставката дека Алексиј Слав имал извесни претензии на бугарскиот престол. Известувањето на Валансиен дека латинскиот цар му ги дал на Слав сите освојувања што тука ги направил, не може да се сфати вобуквална смисла. Валансиен притоа мисли секако само на оние осво јувања што ги направил латинскиот цар после битката кај Филипопол. Според тоа на Слав му бил отстапен најверојатно само дел од териториите западно од овој град со тврдината Кричим.

---

[12]) Златарски III 277 смета дека латинскиот цар Хенрих тргнал на запад за да го потчини Слав со силата на своето оружје. Ваквата претпоставка е малу веројатна, зошто противречи на решението што го донеле Латините на состанокот во Адрија нопол.

[13]) Valensiens, 48, par. 546: ... Apriés tout chou, vint Esclas qui mout iert sages a l'empereour, et le trova seant en sa tente, en la compaignie de ses plus haus barons. Esclas vint en la tente devant toz les barons qui laiens estoient, et se laist chaïr as piés l'empereour et li baise, et puis la main. Que vous diroie jou? La pais fu faite et confremée, et Esclas devint illuec hom a l'empereour Henri, et il jura a porter foi et loiauté d'ore en avant, comme son droiturier segneur.

[14]) Ibid., 48—49, par. 547.

[15]) Ibid., 49, par. 548.

[16]) Longnon во: Valensiennes, 49, n. 2; Мутафчиев, Владетелите, 231, бел. 77; Жуглев, Принос, 23—26.

[17]) Златарски III, 278, бел. 2.

Набрзо по состанокот во Кричим латинскиот цар и Алексиј Слав повторно се состанале во Стенимака. На овој состанок било договорено времето и местото каде што требало да се прослави свадбата на Слав со латинската принцеза, а во знак на почитување латинскиот цар му поклонил на својот иден зет еден убав коњ, кого што обично самиот го јавал. На состанокот било исто така договрено кај Слав да остане помладиот брат на латинскиот цар по име Евстатие на чело на два одреда, едниот составен од Грци од Адријанопол, а другиот од Французи.[18]) Целта на овој потег на латинскиот цар тешко може попрецизно да се одреди. Што се однесува до изворите се знае само дека овие два одреда броеле дваесет ритери и дека по неколку месеци тие се приклучиле во Драма на војската на латинскиот цар[19]), кој што кон средината на декември истата година тргнал кон Солун за да ја среди ситуацијата во солунската држава. Во врска со ова прашање познатиот бугарски историчар В. Златарски смета дека овој потег на латинскиот цар имал цел да го осигури потчинувањето на Родопската област и да го држи во покорност неговиот зет.[20]) Ваквото мислење на Златарски тешко може да се прифати. Престојот на латинските одреди кај Слав, како што видовме погоре, временски бил релативно краток, а освен тоа тешко може да се претпостави дека нивната бројност била доволна за да ја исполнат намената што им ја припишува Златарски. Според наше мислење со овој потег латинскиот цар Хенрик, најверојатно, сакал само да ги зајакне, не само своите, туку и позициите на својот иден зет против евентуално новите напади од страна на бугарскиот цар Борил.

Во првата половина на ноември 1208 година Алексиј Слав се упатил кон Цариград, каде што според договорот во Стенимака требало да се прослави свадбата. По патот го сретнал маршалот Вилардуен, кој што од Памфилион се враќал во престолнината. Вилиарвуен ја искористил средбата со Слав за да го посоветува да се труди да ја зачува љубовта на својот господар и иден тест, а потоа ги истакнал пред него и квалитетите на латинската принцеза, неговата идна сопруга, која што во тој момент се наоѓала во Селамврија.[21]) Веднаш потоа Слав се упатил со својата придуржба кон овој град и оттаму заедно со латинската принцеза продолжил кон Цариград.[22]) Во меѓувреме латинскиот цар разбрал за доаѓањето на Слав и неговата ќерка и им пошол во пресрет, па така сите заедно пристигнале во претолнината. Тука кон крајот на ноември 1208 година[23]) свечено била про-

---

[18]) Valenciennes, 49—50, par. 549.

[19]) Ibid., 62, par. 571.

[20]) Златарски III, 279.

[21]) Valenciennes, 52—53, par. 555.

[22]) Ibid., 53, par. 556.

[23]) Longnon во: Valenciennes, 53, n. 1.

славена свадбата помеѓу Алексиј Слав и ќерката на латинскиот цар Хенрих, чие име не ни е познато.[24])

По тој повод латинскиот цар Херрих му ја доделил на својот зет високата титула деспот.[25]) Со оваа титула Алексиј Слав ја потпишал и својата повелба, што му ја издал на манастирот Спелеотиса кај Мелник. Повелбата, со која Слав му ги потврдува на манастирот старите права и имоти и му го доделува селото Катуница, има потпис Ἀλέξιος Δεσπότης ὁ Σθλάβος[26]). Со оваа висока титула Слав се споменува и во еден друг документ од овој период. Тоа е Синодикот на бугарскиот цар Борил, каде што по имињата на севастократот Александар, брат на Иван II Асен, и севастократорот Стрез се наведува и името на деспот Слав (славоу деспотю)[27].

Набрзо по свадбата Слав се упатил назад кон своите владенија. Притоа латинскиот цар му направил голема чест, испраќајќи го доста-далеку заедно со голем број од неговите видни лтѓе.[28]) Пред да се разделат, латинскиот цар ѝ упатил насамо на својата ќерка неколку совети за тоа како треба да се однесува кон мажот и кон неговите луѓе во новата средина. Меѓу другото, тој ја советува да биде љубезна и скромна, да не претерува во своите желби, да не го презира својот маж, кој што е тукуречи див и кој што не го разбира нејзиниот јазик, како ни таа неговиот, да биде трпелива, толку, колку што тоа од неа ќе го бара нејзиниот маж и да ги почитува неговите луѓе заради него самиот.[29])

Од сето ова јасно произлегува колкава важност му придавале Латините на сојузот со Алексиј Слав. Латинскиот цар јасно и ставил на знаење на својата ќерка дека од цврстината на нејзиниот брак со Слав ќе зависи и цврстината и трајноста на сојузот на Латинското царство со овој крупен феудалец. Значењето на овој брак за Латинското царство и бил јасен и на латинската принцеза. Одговарајќи му на својот татко, таа му посакала да ги победи непријателите и да ја зголеми славата, а што се однесува до нејзинот брак дека ќе биде сè вред и дека за неа нема да чуе лоши вести.[30])

Овој брак со јасна политичка позадина во потполност ја исполнил својата цел. Сојузот помеѓу Латинското царство и деспотот Алексиј Слав бил долготраен и цврст. Сè до смртта на латинскиот цар Хен-

---

[24]) Valenciennes, 53—54, par. 557. Според Георгиј Акрополит ќерката на латинскиот цар Хенрих не била од законски брак, туку била родена од наложница. Cf. Akropolites, 39,$_3$.

[25]) Akropolites, 39,$_{2-3}$; Златарски III, 280; Б. Ферјанчиќ, Деспоти у Византији и јужнословенским земљама, Београд 1960, 33; Dujčev, Melnik, 33; Papadopoulos-Vatopédinos, Un acte officiel, 2. Longnon, Empire, 104 погрешно смета дека латинскиот цар му ја доделил на Слав деспотската титула уште на состанокот во Кричим.

[26]) Papadopoulos-Vatopédinos, Un acte officiel, 6. Ново издание на повелбата со превод на бугарски јазик и со коментар приреди И. Дуйчев, Изъ старата българска книжнина, II, Книжовни и исторически паметници отъ второто българско царство, София 1944, pp. XV, 30—35, 311—314.

[27]) М. Г. Попруженко, Синодик царя Бъорила, София 1928, 87.

[28]) Nalenciennes, 53—54, par. 557.

[29]) Ibid., 54, par. 558.

[30]) Ibid., 54, par. 559.

рих (1216) Слав му бил верен и лојален вазал на својот сизерен и, за разлика од некои други вазали на латинскиот цар, ниеднаш не ја прекршил дадената заклетва на верност. Тој бил ценет сојузник на латинскиот цар и, помалку или повеќе, активно учествувал во борбите што тој ги водел против непријателите на Латинското царство — ломбардиски барони од солунската држава и бугарскиот цар Борил.

Набрзо по женидбата, можеби уште истата година, Слав го пренесол своето седиште од Цепена во тврдиот град Мелник.[31]) Во одлуката на Слав да го пренесе своето седиште од Родопите во Македонија, по сè изгледа, најважна улога одиграл латинскиот цар. Слав тоа го направил најверојатно по сугестија на својот тест, кој што се спремал за поход на запад против разбунтуваните ломбардиски барони во солунската држава и заради тоа, сосема природно, сакал неговиот зет и сојузник да биде што поблизу до настаните и во колку му затреба брзо да му стигне неговата пмош.[32]) Новото седиште на деспотот Алексиј Слав, македонскиот град Мелник, кој лежи во долината на реката Струма, имал извонредна местополжба и според зборовите на никејскиот историчар Георгиј Акрополит бил готово непристапна тврдина.[33])

Заради недостаток на изворни податоци тешко можат попрецизно да се одредат границите на териториите што ги валдеел Алексиј Слав. Со сигурност се знае единствено дека, покрај дел од Родопската област, тој го држел и поголемиот дел на Северно-источна Македонија Што се однесува до Македонија сигурно се знае дека Слав ги владеел териториите што се наоѓале источно од средниот тек на реката Струма, односно Пиринската област, каде што се наоѓала и неговата столица. Териториите што ги управувал Слав на север граничеле со бугарската држава, на исток и југ со Латинското царство, односно солунската држава, а на запад со териториите што ги владеел неговиот роднина Стрез. Западната граница на териториите што ги владеел Слав, како и неговиот однос кон Стрез, се обидел попрецизно да ги одреди познатиот бугарски историчар В. Златарски. Тој смета дека Алексиј Слав дејствувал во согласност со својот роднина Стрез и дека заеднички ја определиле реката Струма за граница на нивните владенија.[34]) Ваквата претпоставка на Златарски е сосема произволна и не наоѓа никаква потврда во изворите. Освен тоа, ако веќе ја бараме западната граница на териториите што ги владеел Слав, тешко би можеле да се запреме на р. Струма, која се наоѓа во непосредна близина на Мелник. Според нас поприродно би било таа граница да се помести западно од Струма во планинските масиви на Малешевските планини, Огражден и Беласица. Исто така тешко може да се каже нешто поодредено и за односите по-

[31]) Dujčev, Melnik, 34; G. Prinzing, Bedeutung Bulgariens und Serbiens in den Jahren 1204—1219 im Zusammenhang mit der Entstehung und Entwicklung der byzantinischen Teilstaaten nach der Einnahme Konstantinopels infolge des 4. Kreuzzuges (натаму Bedeutung Bulgariens u. Serbiens), München 1972, 101.

[32]) Имено, Мелник се наоѓа само на околу 70 километри оддалеченост северно од Сер.

[33]) Akropolites, 39,$_{5-6}$.

[34]) Златарски III, 282.

меѓу Алексиј Слав и неговиот роднина Стрез, зашто и за тоа во изворите нема никкви податоци. Како вазал на латинскиот цар, Слав активно учествувал во војните што тој ги водел против бугарскиот цар Борил, меѓутоа за негово евентуално учество во војните што ги воделе Латините против Стрез, во изворите нема никакви податоци. Токму отсуството на такви изворни податоци не наведува на претпоставката дека Алексиј Слав, по сѐ изгледа, се држел настрана и не учествувал во војните што ги водел латинскиот цар Хенрих и бароните од солунската држава против господарот на Просек.

По смртта на Бофациј Монфератски (1207 год.) во солунската држава настанала една многу деликатна ситуација. Ломбардиските барони на чело со Хуберт од Биандрате настојувале по секоја цена да ја земат сета власт во свои раце и на тој начин да ја остварат својата цел — формирање на една посебна држава со центар во Солун, која би била наполно независна од Царигра. Ваквата сложена ситуација налагала итна интервенција на латинскиот цар и тој кон средината на декември 1208 година се упатил од Цариград кон Солун. По низа перипетии и тешкотии во почетокот на јануари 1209 година успеал да влезе во Солун и донекаде да ја среди ситуацијата, кринисувајќи го за крал на солунската држава малолетниот Димитрија, син на Бонифациј Монфератски.[35])

Меѓутоа, ломбардиските ритери сѐ уште го држеле во свои раце градот Сер и со тоа ги попречувале оние слободни комуникации помеѓу Солун и Цариград што оделе преку овој град. Затоа латинскиот цар испратил веднаш војска да го потчини и овој многу важен град. Ломбардиската посада во Сер, во склад со пораките на грофот од Биандрате, одбила да го предаде градот на латинскиот цар. Во исто време ломбардиските ритери испратиле во Мелник свое пратеништво, кое му предложило на Слав да му го предадат градот, бидејќи, како што вели Валансиен, повеќе сакале да го владее тој отколку латинскиот цар.[36]) Слав ја одбил понудата на ломбардиските барони и тие на крајот морале да им го предадат Сер на Французите, кои Грците од градот ноќе тајно ги пуштиле внатре.[37]) Со тоа конечно биле осигурени слободните комуникации помеѓу Солун и Цариград, но не бил дефинитивно скршен и отпорот на ломбардиските барони. Затоа латинскиот цар бил принуден да замине на југ во Грција, каде што со снагата на своето оружје конечно успеал да ги принуди на покорност разбунтуваните ломбардиски ритери.[38])

Латинскиот цар не можел да се пожали на ставот на својот зет и вазал за време на неговиот судир со ломбардиските барони околу Сер. Како што видовме погоре, Алексиј Слав му останал верен на сво-

---

[35]) Valenciennes, 76, par. 605.

[36]) Ibid., 84—85, par. 619; Dujčev, Melnik, 34 sq.

[37]) Valenciennes, 85, par. 620; 621.

[38]) За борбата на латинскиот цар Хенрих со ломбардиските барони подетално види: Longnon, Empire, 106 sqq.; E. Gerland, Geschichte des Lateinischen Kaiserreiches von Konstantinopel (натаму: Lat. Kaiserreiche), I, Homburg, v. d. Hohe 1905, pp. 161—176.

јот сизерен и не ја прифатил понудата на ломбардиските барони. Набрзо потоа Слав одново го докажал својот лојален став спрема Латинското царство, кога зел активно учество во одбраната на териториите на Солунското кралство од нападот на бугарскиот цар Борил.

Користејќи ја отсутноста на латинскиот цар, кој што се наоѓал во Мала Азија во борба против никејскиот владетел Теодор Ласкарис, есента 1211 година Бугарите навлегле во Македонија. Како што известува латинскиот цар во своето познато писмо од 13 јануари 1212 година, во борбата против бугарскиот непријател на бароните на Солунското кралство, на чие чело стоеле царевиот брат Евстатиј и грофот Бертолд од Каценеленбоген, на помош им дошол и деспотот Алексиј Слав. Здружените сојузнички сили смело му се спротиставиле на непријателот и ѝ нанеле катастрофален пораз на бугарската војска. Бугарскиот цар Борил бил принуден да се спасува со бекство, а на бојното поле останале 24 одреди пешаци и 2 одреда коњаници, кои биле заробени и уништени од Латините.[39])

Оваа битка, чие место на одигрување не може прецизно да се одреди, битно влијаела на натамошните односи помеѓу Бугарија, од една, и Латинското царство и Алексиј Слав, од друга страна. Таа е воедно и последна битка на бугарскиот цар Борил со Латините. Трпејќи перманентни неуспеси во војната против Латинското царство, Борил конечно сфатил дека не е во состојба успешно да ја продолжи агресивната политика на неговиот претходник против Латините. Затоа, најверојатно на негова иницијатива, набрзо дошло до средување на односите помеѓу Бугарија и Латинското царство, а латинскиот цар Хенрих есента 1213 година ја зел за жена доведената ќерка на бугарскиот цар.[40]). Средувањето на односите помеѓу Латинското царство и Бугарија, природно, влијаело и на средување односите помеѓу бугарската држава и Алексиј Слав. Помирувајќи се со Латините, бугарскиот цар Борил бил принуден конечно да се помири и со отцепувањето на Алексиј Слав и истиот да го признае за независен и самостоен феудален владетел на териториите што ги управуал.

Привременото затишје што настанало со средувањето на односите помеѓу Бугарија и Латинското царство не траело долго. Во јуни 1216 година ненадејно починал латинскиот император Хенрих[41]), а со тоа настанеле битни промени и во постоечката политичка ситуација во овој дел на Балканскиот Полуостров. Исчезнувањето од историската сцена на најдаровитиот латински владетел, вистинскиот основач на

---

[39]) G. Prinzing, Der Brief Kaiser Heinrichs von Konstantinopel vom 13. Januar 1212 Ueberlieferungsgeschichte, Neuedition und Kommentar, Byzantion, 43 (1973), pp. 417—418, 159—167: Eodem quoque tempore, dum taliter ageremus in illis partibus, nunciatum fuit nobis a nostris baronibus regni Thessalonice comite Bertoldo videlicet et fratre nostro Eustachio et aliis, quibus marchiam servandam commiseramus, quod Burillus illuc supervenisset cum magno exercitu damna nobis plurima inferendo; sed ipsi barones insimul collecti et associati Sclavo, genero nostro, ei occurrerant, sed ipse eos metuens terram fu giendo exiverat, relictis post se XXIIII aciebus peditum et duabus equitum, qui omnesa nostris sequentibus occisi sunt nullo penitus evadente.

[40]) Златарски III, 309 сл.

[41]) Gerland, Lat. Kaiserreich, 249 sq.; Longnon, Empire, 150 sq.

латинската држава, кого што и самите Ромеи го викале „втор Арес“, дошло во времето кога на запад од неговите владеења епирската држава сè повеќе ја издигнувала својата моќ. Под водство на енергичниот Теодор Ангел таа ќе израсне во првокласна сила, која во наредната деценија и пол ќе игра првостепена улога во настаните на Балканот. Смртта на латинскиот цар Херих битно влијаела исто така и на натамошните односи помеѓу Алексиј Слав и Латинското царство. Таа го ослободила Слав од положената вазална заклетва и отворила ново поглавје во историјата на овој крупен феудален владетел.

Основачот на епирската држава Михаило I Ангел, кон крајот на 1214 година го наследил неговиот полубрат Теодор I Ангел (1214—1230). Под негово водство епирската држава започнала брзо да ги шири своите граници и тоа пред сè за сметка на териториите на Солунското кралство. Снагата и моќта на овој енергичен и смел владетел порасн ала уште повеќе по победата што ја извојувал против Латините 1217 година во Албанските клисури, кога во епирско заробеништво паднал и несудениот латински цар Петар Куртене, кој што од Франција по Via Egnatia патувал за Цариград.[42]) Во своите натамошни походи кон исток Епирците успеале, за релативно кратко време, да ги освојат од Латините сите тврдини и територии околу Солун и да дојдат до териториите што ги владеел деспотот Алексиј Слав. Пред налетот на епирската експанзија Алексиј Слав успеал да ги зачува од епирско освојување не само своите територии, туку и својата независност и самостојност. За оваа ни дава податоци современиот никејски историчар Георгиј Акрополит. Во својата „Историја“ тој пишува: „Теодор Ангел беше господар на сите земји освен на планината Родопи, која уште ја викаат и Ахридос, и нејзините тврдини, како и трдината Мелник, кои ги владееше Слав”.[43])

Слав успеал да ги зачува своите територии пред налетот на Епирците благодарение пред сè на својата многу еластична и мудра политика. Имено, по смртта на латинскиот цар Хенрих и брзото издигнување и ширење на епирската држава, Слав ја изменил од корен својата дотогашна политика. Оценувајќи сосема исправно дека сојузот со Латинското царство повеќе не може да му донесе некоја поголема корист, тој ги напуштил своите довчерашни сојузници и им се придружил на Епирците, нивните лути непријтели. Ваквиот пресврт во неговата политика настанал, најверојатно, набрзо по поразот на латин ската војска и заробувањето на латинскиот цар Петар Куретне во Албанските клисури 1217 година. Политиката на Алексиј Слав кон неговите соседи Акрополит ја опишува со следните зборови: „Овој Слав, откога ја завладеа силната и готово непристапна тврдина Мелник, стана самодржец и не се покоруваше никому од околните владетели.

[42]) Г. Острогорски, Историја Визатије, Београд 1959, 405 сл.; D. Nicol, The Despotate of Epirus (натаму: Despotate), Oxford, 1959, 50 sq.

[43]) Akropolites, $38,_{21}$—$39,_{1}$: ἀλλ’ ὁ Κομνηνὸς Θεόδωρος, . . . . τῶν ἐγγὺς πάντων γενόμενος ἐγκρατὴς ἄνευ μέντοι τοῦ τῆς ‛Ροδόπης ὄρους, ὅπερ καὶ ’Αχριδὸς ὠνόμασται, καὶ τῶν ἐν τούτῳ ἄστεων καὶ τοῦ Μελενίκου-τούτων γὰρ ἦρχεν ὁ Σθλάβος.

Понекогаш ги помагаше Латините, затоа што со нив беше во сродство, понекогаш беше на страната на Бугарите, бидејќи со нив беше во роднинска врска, а понекогаш го помагаше Теодор Комнен. Никогаш никому не му се потчинуваше, ниту пак (со некого) беше вистински сврзан во верност и согласност".[44])

Овој пасус кај Акрополит јасно зборува за многу вештата и еластична политика на Алексиј Слав према своите соседи. Слав умеел правилно да ја оцени постоечката ситуација и секогаш бил на онаа, страна од каде што можел да извлече најмногу корист за себе. Во својата долгогодишна историја тој секогаш го имал за сојузник, во дадениот момент, најсилниот владетел на Балканот. Ваквата негова политика, всушност, и му овозможила да ги зачува своите територии и својата самостојност пред силните соседни држави и да се одржи повеќе од две децении во вителот на големите политички настани, што го потресува овој дел на Балканскиот Полусотров во првата половина на 13 век.

Епирскиот владетел Теодор I Ангел уште од почетокот разработил еден многу амбициозен план, чија крајна цел била освојување на Цариград и обновување на Византиската империја. За да може целосно да се посвети на реализацијата на ваквите свои планови Теодор Ангел се потрудил претходно да ги осигури границите на својата држава. За таа цел воспоставил пријателски односи со своите соседи, Албанците, Србите, а подоцна и со Бугарите, кои биле зајакнати со женидбени врски.[45]) Во таа смисла епирскиот владетел воспоставил пријателски и сојузнички односи и со крупниот македонски феудалец, деспотот Алексиј Слав. Кога станало тоа и на чија иницијатива не може прецизно да се одговори, зашто во изворите за тоа не наоѓаме никакви податоци. Сигурно е единствено тоа дека пријателските и сојузнички односи помеѓу Алексиј Слав и Теодор Ангел биле воспоставени по смртта на царот Хенрих, кога всушност и започнала да се издига епирската држава, а најверојатно набрзо по поразот на латинската војска во Албанските клисури 1217 година. Сојузот на Алексиј Слав со епирската држава, по примерот на претходните, бил зајакнат со женидбени врски. По смртта на неговата прва жена, латинската принцеза, Слав ја зел за жена ќерката на Теородр Петралифа, шура на епирскиот владетел Теодор I Ангел.[46]) Така на дворот на деспот Алексиј Слав во Мелник дошла да живее уште една прицеза, која водела потекло од големата византиско-нормалнска фамилија Петралифа.[47])

---

[44]) Ibid., $39_{,4-12}$

[45]) Nicol, Despotate, 48 sq.; Златарски III, 333 сл.

[46]) Akropolites, 39, $_{12-14}$; Златарски III, 321; Nicol, Despotate, 59; Prinzing, ße deutung Bulgariens u. Serbiens, 116; Dujčev, Melnik, 36: Gerland, Lat. Kaiserreich, 249 смета дека овој брак на Алексиј Слав бил всушност реакција на сојузот помеѓу латинскиот цар Хенрих и бугарскиот цар Борил, што е сосема погрешно, зашто е познато дека сојузот помеѓу двајцата владетели е склучен многу порано, есента 1213 година. Сп. Златарски III, 310.

[47]) За фамилијата Петралифа подетално види Nicol, Despotate, 215 sq.

Како резултат на силната политичка експанзија на епирската држава започнало брзо ширење и на грчкото културно и црковно влијание на Балканот. Познат е на пример случајот со Србија, каде што кралот Радослав, зет на Теодор Ангел, ги потпишувал своите повелби на грчки јазик, а независната српска црква, изгледа, повторно ја потчинил на Охридската архиепископија.[48]) Воспоставувањето на пријателски и роднински врски со епирската држава имало за последица брзо ширење на грчкото културно влијание и на териториите што ги управувал деспотот Алексиј Слав. Тоа јасно се гледа од единствената зачувана повелба на овој крупен феудалец. Повелбата, што е издадена во јануари 1220 година, напишана е и потпишана од Алексиј Слав на грчки јазик. Слав изгледа и во црковен поглед бил потчинет на Охрид ската архиепископија која била духовен центар на епирската држава. За тоа сведочат и грчките имиња на двајцата монаси што се споменуваат во повелбата.[49])

Сојузот помеѓу Алексиј Слав и епирската држава бил долготраен и цврст .За сето време на владеењето на Теодор Ангел Слав бил верен и лојален сојузник на силниот епирски владетел. Како таков тој учествувал и во воените операции што ги превземал Теодор Ангел за освојување на латинските поседи во близината на териториите што ги владеел Слав. Како сојузник на Теодор Ангел Слав секако учествувал во воените походи со кои на епирската држава и биле припоени латинските поседи во Јужна и Западна Тркија.[50]) Индиректна потврда за ваквата претпоставка наоѓаме во еден латински документ каде што Слав се споменува како непријател на Латинското царство. Се работи за еден договор заклучен во април 1229 година помеѓу регенството на малолетниот латински цар Балдуин II и бившиот ерусалимски крал Јован од Бриен. Со договорот Јован од Бриен се обврзува меѓу другите, да ја освои и земјата на Слав, како и онаа што некогаш му припаѓала на Стрез (et totam terram de Esclaves, et illam que fuit de Straces),[51]) што јасно говори за непријателските односи помеѓу Алексиј Слав и Латинското царство.

На патот кон Цариград најголем успех на смелата и енергична политика на Теодор Ангел преставувало освојувањето на Солун кон крајот на 1224 година.[52]) Со тоа му бил нанесен тежок удар на Латинското царство, а солунската латинска држава, дваесет години од своето основање, престанала да постои. По освојувањеог на Солун Теодор Ангел се прогласил за цар и започнал обемни припреми за конечно освојување на Цариград и обновување на Византиското царство. Меѓутоа, ваквите

---

[48]) К. Јиречек—Ј. Радониќ, Историја Срба, I, Београд, 1952, 172.

[49]) Papadopoulos-Vatopédinos, Un acte officiel, 4.

[50]) Златарски III, 334.

[51]) J. A. Buchon, Recherches et matériaux pour servir à une histoire de la domina tion francaise aux XIIIe, XIVe dt XVe siècles dans les provinces démembrées de l'empire grec à la suite de la quatrième croisade, 2e partie, Paris 1840, p. 22.

[52]) Longnon, Empire, 163; Nicol, Despotate, 63; Острогорски, Историја, 406.

свои планови Теодор Ангел не успеал никогаш да ги оствари. На патот кон Цариград на солунскиот цар смело му се испречил амбициозниот бугарски владетел Иван II Асен (1218—1241). Пролетта 1230 година кај местото Клокотница на реката Марица се одиграла жестока битка во која Бугарите катастрофално ја поразле дотогаш непобедената војска на Теодор I Ангел, кој бил во битката заробен и одведен во Бугарија.[53]) Со оваа победа Бугарија станала најсилна држава на Балканот и во наредната деценија таа ќе игра прворазредна улога во настаните во овој дел на Европа.

Недостатокот на изворни податоци не ни овозможува попрецизно да го одредиме ставот и местото на деспотот Алексиј Слав во овој бугарско-епирски судир. Притоа можеме да ги користиме единствено поранешните искуства за неговата политика во слични ситуации. Поаѓајќи од тоа се наметнува сама по себе претпоставката дека Слав, по сè изгледа, и останал верен на својата политика на исчекување и не зел учество во оваа пресудна битка. На ваква претпоставка индиректно укажува и еден друг податок. Тоа е поменот на Алексиј Слав во Синодикот на бугарскиот цар Борил. Таму, како што видовме, неговото име се споменува веднаш по имињата на Александар, братот на Иван II Асен и севастократорот Стрез. Тоа јасно говори дека Слав имал пријателски односи со Бугарија, односно со царот Иван II Асен, зашто во спротивно неговот име секако не би нашло место во Синодикот.

По битката кај Клокотница повторно дошла до израз многу вештата и еластична политика на Алексиј Слав. Увидувајќи, сосема, исправно, дека сојузот со поразените Епирци повеќе не може да му донесе никаква корист, тој од корен ја изменил својата дотогашна политика, прилагодувајќи ја спрема новонастанатата ситуација. Во таа смисла ги напуштил своите довчерашни сојузници и поминал на страната на Бугарите, признавајќи ја врховната власт на бугарскиот цар Иван II Асен, инаку негов близок роднина. Заради роднинските врски, а секако и заради ставот за време на судирот со Теодор I Ангел, Іван II Асен го оставил Слава и натаму да ги владее своите земји. На тој начин овој крупен федалец, по сè изгледа, до својата смрт ги задржал своите територии и ја зачувал својата автономија и независност.[54])

Заради недостаток на изворни податоци не може ништо да се каже за тоа како и кога го завршил својот живот деспотот Алексиј Слав. Последен пат во изворите Алексиј Слав се споменува во спомenатиот договор од април 1229 година, што значи дека тој тогаш бил уште жив и дека уште ја владеел својата земја. Според тоа, кога зборуваме за крајот на Слав, имаме само сигурен terminus post quem — април 1229 година. Бидејќи натаму во изворите за него нема никакви податоци, останува отворено прашањето кога го завршил својот живот овој крупен самостоен феудален владетел во Македонија.

---

[53]) Златарски III, 339; Острогорски, Историја, 409; Nicol, Despotate, 110,
[54]) Златарски III, 351.

*Kosta ADŽIEVSLI*

# DER DESPOT ALEKSIJ SLAV — DER SELBSTÄNDIGE FEUDALE HERRSCHER IN MAKEDONIEN

(Zusammenfassung)

Nach dem Tod des Kaisers Kalojan (1207) brechen in Bulgarien dinastische Kriege aus, die zur Schwächung des Staates führten. Diese Situation nutzten einige Vertreter der feudalen Grossaristokratie, um sich von der Zentralgewalt zu trennen. Einer von ihnen, namens Aleksij Slav, gründete nach der Trennung von der Zentralgewalt eine unabhängige Feudalherrschaft in Makedonien mit dem Zentrum in Melnik.

Es gelang Slav, sich dank seiner schlauen und flexibilen Politik zu seinen Nachbarn ziemlich lange zu behaupten. Er konnte die bestehende Situation richtig einschätzen und immer war der stärkste Herrscher auf dem Balkan im gegebenen Moment an seiner Seite.

Zuerst erkannte er die Gewalt des lateinischen Kaisers Heinrich (1206—1216) an, der ihn seine Territorien selbständig verwalten liess. Um ihn an sich noch stärker zu binden, gab ihm Heinrich seine Tochter zur Frau und verlieh ihm den hohen Titel Despot.

Nach dem Tod des lateinischen Kaisers Heinrich verliess Slav die Lateiner und verband sich mit dem epirischen Herrscher Theodor I Angelos (1214—1230). Der Bund mit den Epiroten, der noch durch Heiratsverbindungen gestärkt war, ermöglichte eine rasche Verbreitung der griechischen Kulturwirkung auf die Territorien, die von Aleksij Slav regiert wurden.

Nach der Schlacht bei Klokotnica (1230) und der Niederlage der Epiroten erkannte Slav die Obergewalt seines Verwandten, des bulgarischen Kaisers Ivan II Asen (1218—1241) an. Ivan II liess Slav seine Territorien auch weiter selbständig regieren.

Der Mangel an Quellenangaben ermöglicht uns nicht, die Zeit zu präzisieren, wann das Leben dieses feudalen Grossherrschers erlosch.